Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ",бр.50/02), а согласно член 124 став 1 и член 126 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија",бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), решавајќи по Барањето за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола на ДГТТ "ТРАНСМЕТ" ДОО - Скопје бр.17-3659/2 од 03.11.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.08-3659/15, за инсталацијата ДГТТ "ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје.

2. Б-Интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во еден дневен весник, во рок од 10 (десет) дена од денот на издавањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ДГТТ "ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, на ден 03.11.2014 година до Град Скопје поднесе Барање за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола со арх. број 17-3659/2.
Овластените инспектори за животна средина на Град Скопје со претставник од Секторот за заштита на животната средина и природата на ден 28.11.2014 година извршија увид во инсталацијата ДГТТ "ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, при што беше составен Записник за констатација бр. 22-21/4-65 и потоа им беа доставени забелешки со арх.бр.17-3659/5. Одговорот на забелешките беше доставен на ден 03.03.2015 год. со арх.бр.17-2380/1.
Потоа следеше уште еден увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина и претставник на Секторот за заштита на животната средина и природата при што се направи Записник за констатација бр.22-21/4-36 со што се констатираше дека Барањето е комплетирано и може да се продолжи со постапката за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола. Барањето беше објавено во еден дневен весник, доставено до општина Ѓорче Петров и ставено на ВЕБ страната на Град Скопје на увид на граѓаните. Бидејќи немаше реакции од јавноста се пристапи кон изготвување на Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола. Откако се изготви Нацрт дозволата, истата беше објавена во еден дневен весник, доставена до општина Ѓорче Петров и ставена на ВЕБ страната на Град Скопје на увид на засегнатата јавност.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Градоначалникот на Град Скопје одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија", бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), против ова Решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението. Жалбата подлежи на административна такса во износ од 200,00 денари.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на датум 26.05.2015 година Под број бр.на дозвола 08-3659/15.

Доставено до:

- Архива
- ДГТТ "ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање

**Градоначалник на Град Скопје**
**Коце Трајановски**